ФЗОМ
ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА
www.fzo.org.mk

Адреса: Македонија бр. 5, 1000 Скопје
Тел.: 02 3289 037
Централа.: 02 3289 054
Факс: 02 3289 048
Е-пошта: info@fzo.org.mk

**Број:___________**
**________________ 2018 година**

**До: ЈЗУ/ПЗУ___________________**
**Лекарска/Стоматолошка/Фармацевтска комора**
**Здружени на приватни лекари/стоматолози**
**Ортопедски куќи**

**Предмет: Известување**

Почитувани,

Фондот за здравствено осигурување на Македонија, Ве известува дека ги финализираше подготовките на софтверско решение за склучување на новите договори/анекси со здравствените установи/ ортопедски куќи односно правни лица за 2019 година и истото ќе се одвива по електронски пат преку користење на Веб порталот на Фонодот преку кој овластените лица ќе можат да го потпишат договор / анекс на договорот, со валиден квалификуван дигитален сертификат.

Укажуваме и на тоа дека здравствените установи од дејноста општа медицина, општа стоматологија, гинекологија, аптеки, специјалистичко – консултативна здравствена заштита, специјалистичко – консултативна стоматолошка здравствена заштита, лаборатории ќе пристапат кон склучување на анекс за продолжување на важењето на договорот со Фондот за 2019 година, додека пак јавните здравствени установи, приватните болници и ортопедските куќи како и аптеки кои сакаат да нудат ортопедски и други помагала на терет на Фондот,ќе пристапат кон склучување на нов договор со Фондот за 2019 година.

Со цел непречено функционирање на процесот на продолжување на договорите/анекс на договорите со здравствените установи/правни лица за 2019 година потребно е овластените лица да поднесат барање преку Веб порталот на Фондот **сметано од 10.12.2018 година па заклучно до 15.12.2018 година.** Секој кој нема да го запази рокот на поднесување на барањето односно истото ќе го поднесе после 15.12.2018 година, Фондот нема да го земе во предвид при продолжување на договорот/ анекс на договорот.

ФЗОМ
ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА
www.fzo.org.mk

Адреса: Македонија бр. 5, 1000 Скопје
Тел.: 02 3289 037
Централа.: 02 3289 054
Факс: 02 3289 048
Е-пошта: info@fzo.org.mk

Потребни предуслови за непречено одвивање на процесот на поднесување на барање за продолжување на договор/анекс.

- Овластените лица од ЗУ да имаат креирано профил за најава на порталот на ФЗОМ
- Овластените лица од ЗУ да имаат обезбедено квалификувани сертификати од една од двете овластени сертификациски куќи во РМ
- Овластените лица да имаат направено асоцијација на квалификуваниот дигитален сертификат
- Секое овластено лице од ЗУ од погоре наведениот термин (10.12.2018 година) најавениот профил на порталот на ФЗОМ ќе им биде достапна нова икона односно нова функционалност  <u>***Преглед на понуди и договори***</u> за да може да ги користите функционалностите на истата задожително треба да ги имате направено следниве два подготвителни чекори.
- Инсталација на PDF екстензија 

- Инсталација на клиентска апликација 





Сликата погоре е знак дека успешно сте ги завршиле постапките за инсталација на екстензијата и клиентската апликација.

По успешните подготвителни активности имате можност да ја докомплетирате постапката за поднесување на барање за продолжување на договор/анекс на здравствената установа

Во зависност од видот/дејноста на здравствената установа:

Општа медицина, гинекологија, стоматологија, аптека ->ПОДНЕСУВАТЕ БАРАЊЕ ЗА АНЕКС ЗА ПРОДОЛЖУВАЊЕ НА ПОСТОЕЧКИОТ ДОГОВОР ( детално упатство во Прилог 1 Упатство за продолжување на анекс)

Јавна здравствена установа, ортопедска куќа........................->ПОДНЕСУВАТЕ БАРАЊЕ ЗА ПРОДОЛЖУВАЊЕ НА ДОГОВОР (детално упатсво во Прилог 2 Упатство за продолжување на договор)

ФЗОМ
ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА
www.fzo.org.mk

Адреса: Македонија бр. 5, 1000 Скопје
Тел.: 02 3289 037
Централа.: 02 3289 054
Факс: 02 3289 048
Е-пошта: info@fzo.org.mk

И во едниот и во другиот случај редоследот на преземените активности е идентичен

- Од листата **Преглед на обврзникот** избираме [Додади ново барање за анекс] или [Додади ново барање за продолжување], во зависност од видот на здравствената установа
- Со избор на копчето **Зачувај** од **Апликацијата за ново барање**, веќе е отпочната постапката за поднесување на Ново барање.
- Постои можност да се погледне содржината на поднесеното барање [Преземи документ], доколку утврдиме дека постои некаков вид на неправилност во податоците постои можност, барањето да се избрише [Избриши го барањето]
- Со избор на копчето [Подготовка пред потпишување],Овластеното лице добива информација дека барањето е комплетно и подготвено е за потпишување.
- По избор на копчето [Потпиши документ], на барањето во .pdf формат се појавува следново копче . По избор на спомeнатото копче документот е дигитално потпишан и подготвен да се проследи до ФЗОМ.
- По избор на копчето [Испрати го потпишаното барање], овластеното лице го внесува архивскиот број од здравствената установа и барањето електронски го проследува до ФЗОМ

Со овој чекор постапката за поднесување на барање за продолжување на договор/анекс од страна на овластеното лице од здравствената установа/правното лице е завршена.

Откако барањето ќе биде разгледано од страна на ФЗОМ, за истото овластеното лице ќе добие нотификација на меил. Активностите кои е потребно да се преземат за да се докомплетира процесот на потпишување на договорот/анексот детално е опишан во документацијата односно Прилог1, Прилог 2 кој се составни делови од ова Известување.

ФЗОМ
ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА
www.fzo.org.mk

Адреса: Македонија бр. 5, 1000 Скопје
Тел.: 02 3289 037
Централа.: 02 3289 054
Факс: 02 3289 048
Е-пошта: info@fzo.org.mk

Доколку овластеното лице на здравствената установа/правното лице не поднесе барање за продолжување на договорот/анекс на договорот со Фондот на 01.01.2019 година ќе ги изгуби привилегиите кои истиот ги има во системот како избран лекар/ лекар специјалист/ фармацевт/ овластено лице од ортопедска куќа. Со други зборови на неговиот профил ќе бидат достапни функционалностите предвидени за останатите осигурени лица на Фондот.

Фондот апелира до сите чинители во здравствениот систем, крајно сериозно и одговорно да пристапат кон процесот на продолжување на договорите/анекс на договорите користејќи ги новитетите на кои Фондот во изминатиот период посветено работеше, во име на добрата деловна соработка и се разбира во интерес на континуирана и квалитетна здравствена заштита за осигурените лица.

Со почит,

Прилози:
Прилог 1 Упатство за продолжување на анекс
Прилог 2 Упатство за продолжување на договор

**Директор**
**Данаил Дончев**

**Директор**
**Орхан Рамадани**
**Orhan Ramadani**

Изработиле: м-р Татјана Ѓоргиева
м-р. Даниела Јовческа - Ѓуровска
Согласни: Јасмина Смилевска
д-р Гоце Гаврилов